**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

# ИНФОРМАЦИЈА

**за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2017 година**

**СКОПЈЕ, јуни 2018 година**

**1. В о в е д**

Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2017 година има за цел да ги презентира досегашните согледувања на ефектите од примената на Законот за извршување, со посебен осврт на резултатите од работата на извршителите од извршениот вонтеренски надзор и анализа на финансиската состојба на извршителите, извршените надзори над работата на извршителите, доставени предлози за поведување на дисциплински постапки и изречени дисциплински мерки, именување на извршители, спроведување на испити за извршители, како и соработката со Комората на извршители на Република Македонија.

Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) беше донесен во мај 2005 година, а започна да се применува од 26 мај 2006 година. Законот за извршување претставуваше најреформскиот закон во сферата на правосудниот систем на Република Македонија, со кој беше востановен системот на приватни извршители, кои како лица со јавни овластувања целосно го преземаа извршувањето од рацете на судовите и самостојно и независно одлучуваат за преземањето на сите потребни извршни дејствија во правец на успешна и брза реализација на правото воспоставено со извршната исправа.

Имплементацијата на законот покажа дека одредени законски решенија останаа недоречени, други пак праксата ги лоцираше како нефункционални, што предизвика различна примена и толкување од страна на извршителите и остави можност за различна примена при спроведување на извршувањето.

Од тие причини се донесе целосно нов Закон за извршување ("Службен весник на Република Македонија бр.72/16 и 146/16), во правец на прецизирање на законските одредби во делот на постапувањето на извршителите при спроведување на извршувањето, надминување на проблемите со различното постапување на извршителите и пропишување на јасни законски одредби во насока на ефикасно спроведување на извршувањето.

Новиот Закон за извршување беше донесен во април 2016 година, но неговата примена започна од 01 јануари 2017 година.

Донесувањето на новиот Закон за извршување во 2016 година, чија примена започна на 01.01.2017 година, значеше отстапување од постојниот концепт и предизвика бурни реакции во стопанскиот сектор на државата, а беа иницирани и повеќе постапки пред Уставниот суд.

Ваквата состојба се должеше пред се на фактот дека Предлог Законот за извршување на Владата кој во 2015 година беше доставен до Собранието на РМ, содржеше неколку законски решенија кои беа директно креирани во одредени

политички кругови, а не беа резултат на експертската работна група. Пет месечната примена на законот започнувајќи од 01.01.2017 година особено ги засегна деловните субјекти, кои организирани преку Стопанската комора на Република Македонија, АМ-СНАМ, а дел од нив и директно, како и Организацијата на работодавачите на Република Македонија, до Министерството за правда укажуваа на ефектите на решенијата воведени со новиот закон, а врз работењето на деловните субјекти, и дефинираа предлози за надминување на констатираните состојби. За ваквата состојба Владата на Република Македонија беше информирана со Информација од јули 2017 година, по што со Заклучок број 44-3272/1 од 3.08.2017 година Министерството за правда беше задолжено да пристапи кон изменување и дополнување на Законот за извршување и до 31.10.2017 година да достави предлог текст до Владата.

Министерството за правда формираше меѓуресорска работна група со учество на: Стопанската комора на РМ, Стопанската комора на северозападна Македонија, судии, професори од правните факултети од УКИМ и ДУТ, Нотарската комора на РМ, Комората на извршители на РМ, Адвокатската комора на РМ и претставници од Министерството за правда и беше изготвен Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за извршување

Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.143/2016 од 06.12.2017 година и Одлука У.135/2016 од 24.01.2018 година, укина голем дел од спорните членови односно сите одредби кои се однесуваат на вонсудската наплата на долгови како и одредбите за задолжителното составување на барање за извршување и приговор и жалба од страна на адвокат, кои одредби беа предмет на разгледување на работната група.

## *2. Резултати од примената на Законот за извршување*

### 2.1. Прилив на барања за извршувања

Во 2017 година извршителите на територијата на Република Македонија, примиле вкупно 88.735 барања за извршување, што во споредба со 2016 година кога примиле 227.836 барања, претставува намалување од 61 % на приливот на примените предмети. Притоа намалувањето на приливот на предметите е евидентно на сите подрачја.

Најголемо намалување на приливот на предметите е евидентен на подрачјето на основните судови во Куманово, Кратово и Крива Паланка, каде е намален приливот на предметите од 75%, следи подрачјето на основните судови во Струмица и Радовиш со намалување од 67%, подрачјето на основните судови во Битола и Ресен има намалување од 65% предмети, во споредба со бројот на предмети во 2016 година.

Бројката на вкупно примените барања за извршување кај извршителите за изминативе 11 години достигна 1.211.795 предмети, од кои реализирани се 402.741 предмети или 33,24%, а остануваат кај извршителите нереализирани над 809.054 активни предмети.

**2.1.1. Достава на судски писмена**

Извршителите се овластени да вршат лична достава на судските писмена согласно одредбите на Законот за парнична постапка. Во текот на 2017 година примени се 484 барања за достава на судски писмена, од кои извршителите успешно релизирале 460 барања, односно 95 %.

**2.2. Реализација на барањата за извршување**

Во текот на 2017 година извршителите реализирале вкупно 57.346 барања за извршување, кои во споредба со 2016 година кога се реализирани вкупно 54.720 предмети има зголемување на реалната бројка на извршени предмети за 2.626, односно за 5%.

Од вкупно реализираните предмети во 2017 година, 13.476 се реализирани извршни исправи кои се примени во 2017 година, а останатите 43.870 се реализирани предмети примени во претходните години.

Процентот на реализирани барања за извршување 13.476 од примените предмети во 2017 година или 88.735 предмети изнесува 15 %.

Во оваа извештајна година процентот на реализација на извршните исправи изразен по подрачја на кои се именувани извршителите е исклучително низок и се движи од минимални 8 % на подрачјето на Основниот суд во Тетово, 9 % на подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево, 14% на подрачјето на Основните судови во Скопје и исто на подрачјето на Основните судови во Куманово, Крива Паланка и Кратово 14%.

При тоа најголем процент на реализирани извршни исправи од примените има на подрачјето на Основните судови во Битола и Ресен со 26%, Основните судови во Штип и Свети Николе 25 %, Основните судови Прилеп и Крушево со 22 %.

**2.2.1. Други начини на завршување на предметите во извршителските канцеларии**

Освен успешно реализираните барања за извршување од страна на извршителите, бројката на завршени предмети во нивните канцеларии се намалува и по основ на повлечени, запрени и прекинати извршувања. По овој основ во извршителските канцеларии завршило постапувањето по 16.449 предмети од кои

9.558 предмети се запрени по разни основи од Законот за извршување, 6052 предмети се прекинати по основ на смрт на странка, стечај на должник и слично и одбиени се 839 барања за извршување.

### 2.2.2. Структура на примените и реализираните барања за извршување

Во однос на примените барања за извршување карактеристично е тоа што од вкупно примените 88.357, само 366 барања се однесуваат на непарични побарувања, додека остатокот од 87.989 барања, или 99,6% се однесуваат на барања за извршување на парични побарувањ. Притоа бројот на поднесени барања за извршување за наплата на непарични побарувања во 2017 година има пораст од 12% и изнесува 366 барања, во споредба со 2016 година кога биле примени 321 барања за извршување за непарично побарување.

Реализацијата на примените барања за парични побарувања од примените во тековната година изнесува 16% (14.292), додека релизацијата на непаричните побарувања изнесува 13% (49). Евидентен е пад на реализацијата кај непаричните побарувања во однос на 2016 година кога биле реализирани 178 предмети, што може да е резултат на новиот Закон од 2016 година, заради што оправдани се покажуваат предложените измени на Законот во делот на извршувањето на непаричните побарувања.

### 2.2.3. Времетраење на извршувањето

Извршената анализа на времетрањето на извршувањето на предметите покажува дека 13.440 предмети или 23 % биле реализирани во рок од 3 месеци, 5.181 или 9 % до 6 месеци, а 6.792 предмети или 12% во периодот од 6 до 12 месеци, а остатокот од 32.004 предмети, или 56 % во периодот над 1 година.

Овој процент укажува дека извршувањето е ефикасно и ефективно и овозможува 44% од примените барања да се реализираат во рок од 1 година што укажува на фактот дека постапката е ефикасна доколку должниците поседуваат средства и имаат имот од кој може да се изврши наплата, но Законот е немоќен кај слабоимотните должници.

### 2.2.4.Наплатени средства од извршување за доверителите

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување за доверителите, кој го прикажале извршителите во своите извештаи за работењето во текот на 2017 година изнесува 10.222.831.717,00 ден (166.224.905 Евра) кои се слеале повторно во правниот промет.

Анализата на податоците за структурата на наплатените средства според доверители укажуваат на тоа дека процентот на наплата за Република Македонија

како доверител е само 2 %, односно од наплатени се 186.974.062,00 денари. Ова е сосем очекувано ако се земе предвид дека РМ како доверител се појавува само во 4% од примените барања со 3.593 предмети. Наспроти тоа пак одливот на средства по основ на извршувањеод Република Македонија како должник е 714.210.879,00 денари што изнесува 7 % од вкупно наплатените средства. Процентот на одлеаните средства е релативно висок ако се земе предвид дека само 4,4% од барањата за извршување во 2017 година биле насочени против РМ како должник, што може да укажува на податок дека се извршила наплата и на предмети против РМ од изминати години. Притоа треба да се има предвид, дека државата како доверител се јавува како странка само во граѓанските спорови, бидејќи целокупното друго присилно извршување по основ на изречени парични казни и трошоци во корист на Република Македонија во сите судски и управни постапки се спроведува според Законот за даночна постапка преку Управата за јавни приходи.

Најбројни доверители остануваат правните лица со 65 % од наплатените побарувања, а по нив следуваат физичките лица со 31 %.

Структурата на должниците во однос на реализираните средства е во корист на физичките лица кои учествуваат со 40 %, потоа правните лица со 38% од наплатените средства и Република Македонија со 22%.

Извршителите во Република Македонија во 2017 година по основа на данок на додадена вредност (ДДВ) платиле 126.299.687,00 ден. кои се слеале во Буџетот на РМ. Ако кон ова се земе предвид и бројката на вкупно вработени во извршителските канцеларии-520 лица, големината на деловниот простор и техниката која се користи во извршителските канцеларии и секако процентот на реализацијата и наплатените парични средства, а од друга страна фактот, дека државата за функционирање на целокупниот систем на извршување не троши никакви средства, несомнена е оценката дека резултатите од функционирањето на системот на приватното извршување се повеќе од задоволителни.

### 2.2.5. Вонсудска наплата на долгови

Со новиот Закон за извршување беше воведена задолжителната вонсудска наплата на долговите по основ на веродостојните исправи за обврски од комунални услуги. Во оваа извештајна година во канцелариите на извршителите биле примени 11.054 предмети за вонсудска наплата на долгови од кои беа реализирани 6.643 предмети, односно 60%.

Со Одлука на Уставниот суд на РМ У.бр.143/2016-0-1 од 29.11.2017 година беше укината целата глава од Законот за извршување со која беше уредена вонсудската наплата на долгови.

### 3.Анализа на финансиската состојба на извршителите

Извршителите во Република Македонија, согласно член 56 став (2) од Законот за извршување, имаат обврска да доставaт годишен писмен извештај до Комората на извршители на РМ за своето работење во претходната година најдоцна до 15 март во тековната година, во кој го наведуваат вкупниот број на примени барања за извршување, вкупниот број на реализирани извршни исправи од примените во извештајната година, вкупниот број на реализирани извршни исправи, износ на наплатени средства за цена за администрирање на предметите, трошоци за преземени извршни дејствија и награда за реализирани извршни исправи примени во извештајната година, износ на трошоците за работењето на извршителот и остварената нето добивка на извршителот. Извршителите доставуваат кон извештајот и копија од завршната сметка доставена до Управата за јавни приходи.

Според член 56 став (3) од Законот за извршување, Комората на извршители на Република Македонија е должна до Министерството за правда, секоја година најдоцна до 1 април да достави збирен годишен извештај со податоци за финансиското работење на сите извршители.

За потребите на анализата изготвен е Збирен извештај за финансиското работење на извршителите во текот на 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година кој заради обемноста е прикачен засебно како Прилог 1 кон Информацијата.

**Анализите на доставените податоци укажуваат на следните состојби:**

**3.1. Вкупниот износ на приходи на извршителите** по основ на наплатена цена за администрирање, преземени извршни дејствија и награда за 2017 година изнесува 180.615.177,00 денари. Споредбата на податоците за 2017 година со 2016 година (611.619.587,00 денари) укажува на фактот дека извршителите во 2017 година оствариле помалку приходи за 70%.

**3.1.1. Притоа на име цена за администрирање** наплатиле износ од 15.600.791,00 денари. Во 2017 година споредбено со 2016 година извршителите оствариле помалку приходи по основ на цена за администрирање за 75% што се должи на намалениот прилив на предмети од 61%

**3.1.2. Износот на наплатени средства по основ на преземени извршни дејствија** од 67.073.730,00 денари, спореден со 2016 година укажува дека извршителите наплатиле 79% помалку по овој основ во споредба со претходната година, што исто така се должи на намалениот прилив на предмети.

**3.1.3. Износот на наплатени средства по основ на наплатената награда** од 99.708.385,00 денари споредeн со 2016 година укажува дека извршителите во 2017 година наплатиле 58 % помалку парични средства по овој основ во споредба со претходната година.

**3.2. Вкупно остварени приходи на извршителите по завршна сметка**

Податоците од завршните сметки на извршителите прикажуваат значително поголеми приходи од податоците прикажани понапред, а кои се генерираат од кварталните извештаи кои ги доставуваат извршителите. Тоа се должи пред се на фактот дека кварталните извештаи се однесуваат само на предметите примени во извештајниот период, додека пак на сметките на извршителите се слеваат средства за извршени предмети без оглед на тоа кога истите биле примени. Па така во 2017 година извршителите оствариле вкупно приходи по завршна сметка во износ од 836.043.480,00 денари, што претставува зголемување на приходите на извршителите по завршна сметка за 10% во споредба со 2016 година кога извршителите по овој основ оствариле вкупен приход од 752.319.408,00 денари.

**3.2.1** Најнизок бруто приход по завршна сметка оствариле извршителите на подрачјето на Основниот суд во Гостивар и Основниот суд во Кичево и тоа во вкупен износ од 18.688.137,00 денари, што е намалување од 57 % во споредба со 2016 година. Исто така на подрачјето на Основниот суд Охрид, Основниот суд Струга и Основниот суд Дебар има намалување на бруто приходите по завршна сметка од 17%, односно на ова подрачје извршителите оствариле 51.160.169,00 ден.

**3.2.2.** Највисок бруто приход по завршна сметка и понатаму остваруваат извршителите на подрачјето на Основните судови во Скопје и тоа во вкупен износ од 390.736.398,00 денари, во услови на реализација од 14 % од примените предмети. Притоа во просек остварени се 11.163.897,00 денари по извршител, што претставува зголемување на приходите за 24 % во споредба со приходите остварени во 2016 година.

**3.2.3.** Извршителот кој остварил највисоки приходи во износ од 37.269.970,00 ден, со што ги зголемил приходите за 32% во споредба со 2016 година кога остварил 25.543.407 денари.

**3.3. Вкупно Нето приходи по завршна сметка**

Во 2017 година извршителите оствариле вкупно нето приход по завршна сметка во износ од 278.539.448,00 денари, што претставува зголемување на вкупните нето приходи по завршна сметка за 8%, во споредба со 2016 година кога по овој основ извршителите оствариле вкупен износ од 257.690.635,00 денари.

Намалување по овој основ има само на подрачјето на Основниот суд во Тетово за 2%, на подрачјето на основните судови во Скопје за 6%, на подрачјето на основните

судови во Гостивар и Кичево за 51% и на подрачјето на основните судови во Охрид, Струга и Дебар за 24%.

**3.3.1. Најниски нето приходи по завршна сметка во 2017 година** прикажале извршителите на подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево и тоа 5.191.566,00 денари, кои ако се распределат на 5 –те извршители од тоа подрачје се доаѓа до просечниот чист приход од 1.038.313,00 денари односно во споредба со 2016 година забележително е намалување од 51% на нето приходите по завршна сметка на извршителите од подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево.

**3.3.2. Највисоки нето приходи по завршна сметка прикажале извршителите на** подрачјето на основните судови во Охрид, Струга и Дебар, кои во 2017 година оствариле нето приходи по завршна сметка во износ од 20.700.367,00 денари, кои ако се распределат на 5 –те извршители од тоа подрачје се доаѓа до просечниот чист приход од 4.140.073,00 денари, меѓутоа во споредба со 2016 година се забележува дека на ова подрачје има намалување на приходите од 24%.

Следи подрачјето на Основните судови во Битола и Ресен каде извршителите прикажале нето приходи по завршна сметка во 2017 година во износ од 26.057.156,00 денари, кои ако се распределат на 7–те извршители од тоа подрачје се доаѓа до просечниот чист приход по извршител од 3.722.450,00 денари што во споредба со 2016 година претставува зголемување на приходите од 31%.

На подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино извршителите прикажале нето приходи по завршна сметка во 2017 година во износ од 31.042.755,00 денари, кои ако се распределат на 10-те извршители од тоа подрачје се доаѓа до просечниот чист приход од 3.449.195,00 денари, односно во споредба со 2016 година се забележува зголемување на приходите од 17%.

Направената анализа на финансиската состојба на извршителите води кон заклучокот дека во оваа извештајна година извршителите оствариле повисоки приходи од претходните години во ситуација кога е драстично намален приливот на предмети и тоа за 61 %, што укажува на тоа дека голем дел од извршителите изминатите години работеле без да наплатат цена за администрирање на предметите, што е спротивно на Тарифата за награда и надоместок на работата на извршителите и претставува нелојална конкуренција, од причина што извршителот ја наплатува од доверителот цената за администрирање на предметот пред да започне со извршните дејствија. Извршителите во огромен дел ја искористиле можноста од членот 46 став 2 кој ги укина Уставниот суд на 28 ноември 2017 година, кој законски ги задолжи извршителите однапред да ги наплаќаат трошоците за авансирање и извршни дејствија, во корелација со членот 265 кој овозможи ретроактивно дејство на Законот за извршување од 2016 година и на старите предмети започнати по старото

законско решение. На тој начин извршителите ги реализираа сите стари заклучоци за трошоци на извршувањето кои со години ги чуваа во своите канцеларии, со што во завршните сметки евидентно е непропорционално зголемување на приходите во соднос со приходите прикажани од кварталните извештаи.

Од гореванеденото произлегува дека постои простор за ревизија на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, што секако треба да се реализира по донесувањето на законските измени кои се во постапка.

### 3.4. Вкупно остварени приходи по извршител

Просечно остварениот приход по извршител во Република Македонија во 2017 година, по завршни сметки изнесува 8.747.979,00 денари, што во споредба со 2016 година кога извршителите оствариле просечен приход по извршител од 7.375.680,00 денари има зголемување од 16 %.

Воедно извршителите од подрачјето на Основните судови во Куманово, Крива Паланка и Кратово оствариле најголем пораст на приход по извршител во споредба со 2016 година и тоа за 34%, по нив следат извршителите на подрачјето на Основните судови во Скопје со 24% зголемување, извршителите на подрачјето на Основните судови Битола и Ресен со 14 % зголемување, извршителите на подрачјето на Основниот суд во Тетово исто со 14 % и извршителите на подрачјето на Основните судови Штип и Свети Николе со 11 % зголемување.

Намалување на приходите по извршител е забележано само на две подрачја и тоа на подрачјето на Основните судови Гостивар и Кичево со намалување од 57 % и на подрачјето на Основните судови Охрид, Струга и Дебар со намалување од 17 %.

**3.4.4.** Податоците од завршните сметки на извршителите за 2017 година, и понатаму покажуваат висок процент на расходите на извршителите кои изнесуваат 524.615.125,00 денари, односно 62% од вкупните приходи. Состојбата е слична како и во претходната 2016 година кога извршителите во завршните сметки прикажале вкупни расходи во износ од 496.674.502,00 денари, односно 66%.

Загрижувачки е трендот на континуирано екстремно високи трошоци на работење кај истите извршители, кои се само еден мал дел од вкупната бројка на извршители. Притоа оваа извештајна година трошоците кај тројца од нив, се уште повисоки и достигнуваат и до 99 % од вкупните приходи. Притоа истите реализираат исклучително високи бруто приходи, екстремно големи трошоци во работењето кои го достигнуваат и бруто приходот, со што прикажуваат екстремно мали нето приходи. Имено тројца од извршителите со највисоки приходи прикажале расходи од 99,4 %, 92 % и 87 % од вкупните приходи. Прикажаните податоци и анализи се темелат на

финансиските извештаи на извршителите поминати преку Управата за јавни приходи за 2017 година, како и за изминатите години.

### *4. Именување на извршители*

Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на бројот на извршители за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериуми за бројот и распоредот на службените седишта на извршители на подрачјето на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.146/07), бројот на места за именување на извршители беше определен на 132 извршители.

Согласно член 32 став (4) од новиот Закон за извршување бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд во иднина го определува министерот за правда врз основа на претходно прибавена согласност од Владата на Република Македонија, без носење на подзаконски акт за определување на бројот на извршители за подрачјето на основните судови.

Не е донесена одлука за определување на бројот на извршителите согласно новиот Закон за извршување, така што бројот на извршителите остана 132 согласно Правилникот за определување на бројот на извршители за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериуми за бројот и распоредот на службените седишта на извршители на подрачјето на Република Македонија .

Во оваа извештајна година вкупниот број на извршители изнесуваше 101 извршители. Ако се има предвид фактот дека од вкупно 132-те предвидени службени седишта на извршители по подрачја во Република Македонија, должноста извршител моментално ја вршат 101 извршители, а непополнети се 31 извршителски места.

Во канцелариите на извршителите во Република Македонија во 2017 година, бројот на вработени лица изнесувал 520 лица не вклучувајќи ги извршителите, што е за 11 лица повеќе од минатата 2016 година.

Во оваа извештајна година Министерството за правда не распиша конкурс за именување на извршители, од причина што не постојат услови за распишување на конкурс, заради екстремно сложениот процес на именување на извршители.

Имено со новиот закон се воведоа многу построги и дополнителни квалитативни перформанси за извршителите, во смисла на задолжителен положен правосуден испит, положен квафиликационен испит, испит за рангирање за конкртениот конкурс, познавање на странски јазик, полагање на психолошки тест и тест на интегритет за секој поединечен конкурс. Заинтересираните кандидати кои ќе се пријават на објавениот конкурс се должни во рок од 30 дена од денот на објавувањето на конкурсот за именување на извршители во Службен весник на РМ, да го положат испитот за рангирање за конкретниот конкурс. Тоа значи дека положениот испит е еднократен и не важи за следен конкурс.

Врз основа на изнесеното на сите лица со положен испит на извршители по стариот Закон за извршување оневозможена им е можноста да аплицираат на

евентуален конкурс, односно им се признава само квалификациониот испит, а дополнително треба да полагаат и испит за рангирање.

Новина во Законот за извршување е и пропишувањето на критериуми за именување на извршители. Имено целокупната постапка за селектирање на кандидатите за извршители се пренесува во Комората на извршители, која за таа цел формира Комисија за изготвување на ранг листа на кандидатите според вкупно освоените поени од нивниот успех во текот на студиите и постигнатиот успех на испитот за рангирање на извршителите. Според новите законски решенија Министерството за правда изборот ќе го врши редоследно од Ранг листата, притоа водејќи сметка за припадниците на заедниците, согласно објавениот конкурс за кој се врши именувањето. Притоа не беше изготвена базата на прашања за квалификационен испит и испит за рангирање на извршител.

Целокупниот предвиден систем на полагање на испитот беше ревидиран при изготвувањето на Предлог Законот за изменување и дполнување на Законот за извршување, со што ќе се врати стариот начин на утврдување на критериуми за извршител, начинот на именување на извршители со оглед на фактот дека решението од новиот Закон за извршување се покажа неприменливо и сложено што целосно го опструираше процесот на именување на извршители изминатиов период.

## *5. Извршени надзори над работата на извршителите во 2017 година*

Министерството за правда врши надзор над работата на извршителите, односно Комората според месечен план за надзор кој содржи листа на извршители над чија работа се врши надзор во текот на месецот, како и врз основа на сознанија за ненавремено и неправилно работење на извршителите, односно Комората, добиени од државни органи, правни и физички лица, како и по барање на претседателот на судот.

Во 2017 година Министерството за правда изврши надзори кај 45 извршители, од кои 40 редовни надзори и 5 надзори по поднесени претставки. Врз основа на констатираните состојби од извршените надзори, Министерот за правда поднесе 3 предлози за поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност на извршители до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ.

По поднесените предлози од Министерот за правда Дисциплинската комисија на Комората на извршители во 2017 година изрече две дисциплински мерки парична казна и една дисциплинска мерка јавна опомена.

Министерството за правда преку Секторот за надзор над работењето на извршителите, нотарите и медијаторите, преку вршење на надзорот над работењето на извршителите врши воедначување и унифицирање во постапувањето на извршителите согласно Законот за извршување и подзаконските акти кои ги применуваат во нивното работење.

**6. Испит за извршители**

Со новиот Закон за извршување се воведе обврска за полагање на квалификационен испит и испит за рангирање за кандидатите за извршители по однос на секој конкурс, испит за заменици извршители и стручен испит за проверка на знаењето на извршителите кои ќе се полагаат по електронски пат.

Во оваа извештајна година не беа одржани испитни сесии, од причина што се пристапи кон изготвување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување со кој се напушта концептот на електронско полагање на испитот за извршители, бидејќи електронското полагање се покажа како неквалитетно и неефикасно, а во правец на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, каде е предвидено целосно укинување на овој начин на полагање.

***7. Комора на извршители на Република Македонија***

Согласно Законот за извршување Комората на извршители на Република Македонија (КИРМ) претставува професионална организација на извршителите во која задолжително членуваат извршителите и заменицитe извршители во државата. Комора на извршители на Република Македонија се грижи за угледот и честа на вршењето на должноста извршител, совесно и во согласност со закон.

Во однос на соработката на Комората на извршители со Министерството за правда, мора да се потенцира мегусебната доверба во намерите за создавање на подобар систем за извршување. Министерството за правда не само што врши надзор над работењето на извршителите, туку и постојано соработува со Комората на извршители во правец на разрешување на проблеми со кои се соочуваат извршителите во примената на Законот за извршување, преку учество на претставници од Комората на извршители во Работните групи за изготвување на нов Закон за извршување и подзаконски акти, како и преку постојани консултации за решавање на проблеми при вршењето на извршителската должност.